**ЈАВЕН ПОВИК ЗА МЛАДИ РОМИ/КИ ЗА КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје објавува Јавен повик за млади Роми/ки за Курс по англиски јазик.

Пријавените и избраните лица ќе имаат можност 3 месеци да посетуваат бесплатен Курс по англиски јазик, со што ќе се стекнат со знаења и вештини за англиски јазик. На крајот тие ќе се стекнат со Сертификат, кои ќе и помогне за полесна транзиција на пазарот на трудот.

Опис на иницијативата:

Курсот по англиски јазик претставува можност за младите Роми/ки да посетуваат курс со што ќе се стекнат со знаења, вештини и сертификат за англиски јазик. Тие ќе посетуваат курс по англиски јазик двапати неделно, по 45 минути (или еднаш неделно, по 90 минути) секоја сесија, во период од 3 месеци. На крајот на курсот ќе добијат сертификат кој ќе им помогне во нивниот понатамошен професионален развој и кариера. Оваа активност ќе им овозможи на младите Роми/ки да стекнат знаења и вештини по англиски јазик, а со тоа ќе им се олесни транзицијата на пазарот на трудот.

Цели на иницијативата:

- Да им помогне на учесниците да се стекнат знаења и вештини во областа на англискиот јазик;
- Да се здобијат со знаења и вештини кои денес се неопходни при аплицирање на било кое работно место;
- Во иднина да станат поконкурентни на постоечкиот пазар на труд;
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри и стимулира младите Роми/ки да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

Главната цел на оваа иницијатива е да се зголеми работната сила и вработливоста на младите Роми/ки преку професионално насочување и практична поддршка, што ќе придонесе за развој предводен од младите Роми/ки.

За оваа иницијатива ќе бидат избрани десет млади Роми/ки. Планирано е да се реализира во текот на 3 месеци (во период од септември до декември 2024). Предвидено да се реализира двапати неделно, по 45 минути од сесија или еднаш неделно, по 90 минути од сесија.

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас" во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас" и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).

Основни критериуми:

- Да биде Ром/ка
- Да е државјанин/ка на Република Северна Македонија
- Да е на возраст од 15 - 30 години на денот на аплицирањето
- Да е од следните општини или моментално да е со место на живеење во нив: Скопје, Гостивар, Кичево, Берово или Делчево
- Да биде мотивиран/а да посетува практикантска работа

Дополнителни критериуми (кои даваат предност):

- Да учествува во другите предвидени иницијативи на Ромаверзитас (курсеви, тренинзи, истражувања и тн.)

Потребни документи:

- Пријава (која се наоѓа подолу во повикот)
- Мотивационо писмо

Начин на пријавување:

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 20.08.2024 до 12:00 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас, со назнака: Апликација за Курс по англиски јазик. Само апликантите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас“ во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас“ и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).

**ПРИЈАВА ЗА КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Име и презиме: ____________________________________________

Возраст: ____________________________________________

Етничка припадност: ____________________________________________

Државјанство: ____________________________________________

Општина: ____________________________________________

Меил: ____________________________________________

Контакт телефон: ____________________________________________

Ќе се пријавам да учествувам и во иницијативата (селектирај каде би сакал дополнително да учествуваш):

- ☐ Курс по Програмирање
- ☐ Практиканство

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас" во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас" и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).